**20251643594**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 172 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРИМЕНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЧЛЕНОТ 172 ОД ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува примената на одредбите од членот 172 став 2 од Законот за банките на штедилниците.

2. Штедилниците се должни да работат на начинот пропишан со Законот за банките и со подзаконските акти донесени врз основа на Законот за банките во кои е предвидена соодветна примена на штедилниците и со оваа одлука.

## II. ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ГЛАВАТА IX ОД ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ

3. Штедилницата е должна да пропише критериуми за идентификување на лицата коишто со статутот на штедилницата се определуваат како лица со посебни права и одговорности.

Критериумите од ставот 1 на оваа точка треба да овозможат опфаќање најмалку на лицата коишто се надлежни за управувањето со ризиците, контролата на усогласеноста со прописите и внатрешната ревизија (во понатамошниот текст: функциите на контрола), како и на лицата чиишто надлежности имаат значајно влијание врз корпоративното управување, профилот на ризик и/или врз профитабилноста на штедилницата.

4. Органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно единствениот содружник на штедилницата треба да биде информиран за разрешувањето на лицето надлежно за управување со ризиците и за лицето надлежно за контрола на усогласеноста со прописите и за причините поради кои е разрешено тоа лице.

Штедилницата е должна да ја извести Народната банка за причините поради кои е разрешено лицето коешто е надлежно за функцијата на контрола, во рок од петнаесет дена по неговото разрешување.

5. Лицата коишто се надлежни за функциите на контрола треба да имаат:

− неограничен пристап до членовите на органот на надзор на штедилницата, доколку е воспоставен таков орган, или до собранието, односно собирот на содружници, односно до единствениот содружник на штедилницата и да можат да ги известуваат за значајните слабости, недостатоци или ризици коишто ги идентификувале при вршењето на својата функција;

− непречен пристап до сите вработени во штедилницата и до сите информации коишто се потребни за ефикасно спроведување на соодветната функција на контрола.

6. Штедилницата е должна да обезбеди соодветна организациска поставеност на функциите на контрола, соодветни човечки и материјални ресурси за независно, објективно и ефикасно извршување на функциите на контрола и навремена и соодветна обука на лицата вклучени во извршувањето на функциите на контрола.

7. Опфатот на контролата на усогласеноста на работењето на штедилницата со прописите се однесува најмалку на:

− следење на почитувањето на прописите коишто се однесуваат на работењето на штедилницата;

− идентификување и следење на ризиците од неусогласеност на работењето на штедилницата со прописите, вклучувајќи и следење на поплаките од клиентите на штедилницата;

− известување на органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно на единствениот содружник на штедилницата и на управителот на штедилницата за утврдените неусогласености во текот на работењето и за преземените активности за нивно надминување;

− навремено известување на управителот на штедилницата и на останатите вработени за измените и за дополнувањата на прописите;

− оцена на усогласеноста на новите производи, активности или системи во штедилницата со прописите;

− обука на вработените за начинот на примена на соодветните прописи во нивното секојдневно работење;

− давање насоки за правилна примена на прописите во форма на препораки, вклучително и препораки за измена на соодветните интерни акти, како и давање одговори на вработените за прашања поврзани со спроведувањето на прописите;

− активности за спречување перење пари;

− исполнување други законски обврски;

− соработка со други институции;

− редовно известување на органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно на единствениот содружник на штедилницата и на управителот на штедилницата, во согласност со Законот за банките.

Штедилницата е должна во своите интерни акти подетално да го определи опфатот на контролата на усогласеноста на работењето на штедилницата со прописите од ставот 1 на оваа точка.

8. Органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно единствениот содружник на штедилницата и управителот, односно управниот одбор на штедилницата се должни да обезбедат ефикасност на внатрешната ревизија во штедилницата, најмалку преку:

− именување, следење на работењето и разрешување на лицето надлежно за внатрешната ревизија од органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно од единствениот содружник на штедилницата.

− примена на националните и меѓународните професионални стандарди за внатрешна ревизија;

− можност за директна комуникација со кој било вработен во штедилницата;

− целосно и навремено информирање на функцијата на внатрешна ревизија за позначајните случувања во штедилницата, за воведувањето нови производи, активности и системи и за други промени;

− навремено прифаќање на наодите и спроведување на препораките на внатрешната ревизија;

− објективност и неутралност во спроведувањето на внатрешната ревизија, преку исклучување на можноста за ангажирање на вработените што ја вршат функцијата на внатрешна ревизија за извршувањето други активности во штедилницата.

9. Штедилницата е должна да донесе политика за избегнување судир на интересите во штедилницата, со која се утврдуваат можните судири на интересите и мерките што треба да се преземат во случаите кога не може да се спречи појавата на судир на интересите.

Политиката од ставот 1 од оваа точка треба да содржи:

− обврска за сите лица со посебни права и одговорности да не дозволат постоењето судир на интересите да влијае врз вршењето на нивните активности;

− случаи за тоа каде може да се појави судир на интересите и начинот на кој треба да се постапи во тие случаи;

− задолжување на лицата со посебни права и одговорности веднаш да пријават какви било состојби или односи коишто можат да доведат или веќе довеле до појава на судир на интересите;

− соодветни процедури за вршење трансакции со поврзаните лица, коишто ќе обезбедат овие трансакции да не се извршуваат спротивно на интересите и можностите на штедилницата; и

− начин на кој ќе се постапи во случај на неусогласеност со политиката за избегнување судир на интереси.

Органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно единствениот содружник на штедилницата ја усвојува политиката за избегнување судир на интересите и заедно со управителот на штедилницата, го следи нејзиното спроведување.

Штедилницата е должна да ги достави изјавите за постоење судир на интересите дадени од лицата со посебни права и одговорности во штедилницата до Народната банка, заедно со основата од која произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на штедилницата, во рок од петнаесет дена по потпишувањето на изјавата од страна на лицето со посебни права и одговорности.

10. Изложеноста кон акционер, односно содружник со квалификувано учество во штедилницата и кон лицата поврзани со него, како и изложеноста кон лице со посебни права и одговорности во штедилницата и кон лицата поврзани со него се одобрува врз основа на одлука на органот на надзор, доколку е воспоставен таков орган, или собранието, односно собирот на содружници, односно на единствениот содружник на штедилницата.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11. Со денот на почнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за условите и начинот на работа на штедилниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/07, 78/08 и 74/15).

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Гувернер
и претседавач на Советот на
Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с. р.

Бр. 02-26203/6
31 јули 2025 година
Скопје